**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10), член 26 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03 81/08, 24/11 и 135/11) и точка 14 од Одлуката за начинот на вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/11), гувернерот на Народната банка на Република Македонија, донесе

# УПАТСТВО
## за дополнување на Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство
## („Службен весник на Република Македонија" бр.58/12)

1. Во Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија" бр.78/11 и 156/11), во делот 2 од Прилогот бр. 4 ТРАНСАКЦИИ ПОМЕЃУ РЕЗИДЕНТИ И НЕУТРАЛНИ ТРАНСАКЦИИ, по шифрата 660 се додаваат 2 нови шифри коишто гласат:

| Шифри | Наплата | Плаќања |
|---|---|---|
| 690 | | Пренос на сметки кај странски електронски сервиси: пренос на средства на кориснички сметки на резиденти кај странски електронски сервиси за платежни трансакции за купување на стоки и услуги по електронски пат. |
| 691 | Пренос од сметки кај странски електронски сервиси: пренос на средства од корисничка сметки на резиденти кај странски електронски сервиси за платежни трансакции на сметки во домашни банки од продадени стоки и услуги по електронски пат. | |

2.Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

У.бр.3616
30.04.2012 година
Скопје

Гувернер
Димитар Богов